| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Од зрно до леб |
| **Содржина на денот** | Малата црвена кокошка |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Потикнување на децата за редовно одржување на здравите хигиенски навики-редовно миење на раце, користење дезинфекциони средства, одржување растојание, носење маска кога треба и кивање-кашлање со заштита. |
| **Активност** | Активноста започнете ја со разговор за процесот на правење леб и тоа од садење на пченицата, нејзино собирање-жнеење, мелење на зрната и добивање на брашно, до месењето и печењето на лебот(слика 1, 2, 3, 4, 5 и 6). Потоа прочитајте го текстот „Малата црвена Кокошка“. Со помош на сликите прераскажете ја содржината од текстот и објаснете ги непознатите зборови. Дозволете му на детето само да прераскажува притоа читајќи ги сликите. Заедно донесете заклучок дали кокошката постапила правилно и дали вистинските пријатели треба така да се однесуваат. Оставете нека набројува повеќе примери на добро и лошо однесување потикнувајќи го да ги кажува речениците во правилна граматичка форма. Активноста може да продолжи со драматизација вклучувајќи ги и другите членови од семејството, а претходно заедно со детето направете апликации на ликовите  за улогите.<br>Текст „Малата црвена кокошка“(слика 7)<br>Едно утро Малата црвена кокошка се шеташе низ селскиот двор со нејзините три пилиња и со нејзините пријатели-кучето, патката и прасето.Здогледа неколку зрна пченица на земјата па рече<br>„Кој ќе ми помогне да ја посеам пченицата?“<br>Јас не! -одговори кучето „Премногу сум изморено“.<br>Јас не!-одговори патката-„Прмногу сум важна“.<br>Јас не!-одговори прасето„Премногу сум гладно“.<br>(слика 8)<br>„Тогаш сама ќе ја посеам“-изјави Малата црвена кокошка. Цело лето таа се грижеше за пченицата. Ја полеваше, ја чистеше од плевел и гледаше како расте. Кога пченицата |

| | |
|---|---|
| | созреа за жнеење ,таа ги запраша своите пријатели.<br>„Кој ќе ми помогне да ја ожнеам пченицата?“<br>,„ Јас не!,,одговори кучето, мрзливо спружувајќи се наземи.<br>,„ Јас не!“одговори патката ,перчејќи ги пердувите на градите.<br>„Јас не!“ одговори прасето, џвакајќи пченка.<br>„Тогаш сама ќе ја ожнеам“-изјави Малата црвена кокошка и го стори тоа. Пченицата беше ожнеана и требаше да се однесе во мелница)<br>„Кој ќе ми помогне да ја однесам пченицата?“-ги праша таа пријателите.<br>„Јас не!,“ ,одговори кучето поспано триејќи ги очите.<br>„Јас не!“ одговори патката, гордо кревајќи ја главата.<br>,„ас не!“ одговори прасето бришејќи ја валканата муцка.<br>„Тогаш сама ќе ја однесам“ одговори Малата црвена кокошка. Кога се врати со брашното таа повторно ги запраша пријателите „Кој ќе ми помогне да направам леб од брашното“?<br>„Јас,не!“, одговори кучето легнувајќи малку да си почине.<br>„Јас,не!“ ,,одговори патката огледувајќи се во водата.<br>„Јас,не!,“ ,одговори прасето доближувајќи ја чинијата со храна.<br>Тогаш сама ќе месам леб“ изјави таа. Така Малата црвена кокошка го направи лебот. И кога лебот беше испечен ги праша своите пријатели.<br>(слика 10)<br>„Кој ќе ми помогне да го јадам лебот?“<br>„Јас!“,одговори кучето,з аборавајќи колку е изморено.<br>„Јас!“ ,одговори патката, заборавајќи колку е важна.<br>„Јас!“,одговори прасето, заборавајќи дека е прејадено.<br>Но Малата црвена кокошка заниша со главата негодувајќи. „Е,нема!“, извика „Сама ја посеав пченицата, ја ожнеав, ја врзав во снопови и потоа сама ја однесов в мелница, и на крај, сама го испеков лебот. И сега , ќе го јадам,.....со моите мали пиленца.“<br>Малата црвена кокошка и нејзините пилиња токму тоа и го сторија!<br>Народна приказна |